# ЗАПИСНИК

Од одржаната 47-ма седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 31.05.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од 9 советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Вељановски, Александар Канзуровски, и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска - раководител и Николина Лозановска - советник.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 46-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во вториот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти, како втора фаза на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти (2022-2026) финансиран од Шведска и Бирото за регионален развој во РС Македонија“;
3. Разгледување и донесување на Одлука за прифаќање на донација за изработка на проект за скејт парк во Новаци;
4. Разгледување и донесување на Одлука за изработка на проект за пречистителна станица во Новаци;
5. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 47-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница како точка број 4.

1. Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година, бр.14-890/18 од 20.12.2023г.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** го прифати предлогот за изменување и дополнување на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 47-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 6 (точки) точки, со тоа што точката бр. 4 и точката бр. 5, преминуваат во точка бр. 5 и точка бр. 6.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 46-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 46-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во вториот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти, како втора фаза на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти (2022-2026) финансиран од Шведска и Бирото за регионален развој во РС Македонија“;

По однос на втората точка, Претседателката Најдовска Стојковска им објасни на советниците дека проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти (2022-2026) финансиран од Шведска и Бирото за регионален развој во РС Македонија“ влегува во втората фаза која се однесува на изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти во која Општина Новаци треба да издвои средства од својот буџет и тоа во висина од 20% од вкупната вредност на проектот.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во вториот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти, како втора фаза на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти (2022-2026) финансиран од Шведска и Бирото за регионален развој во РС Македонија“

**3 точка** Разгледување и донесување на Одлука за прифаќање на донација за изработка на проект за скејт парк во Новаци;

Советот на Општина Новаци беше информиран дека во село Новаци се предвидува изградба на скејт парк, но претходно е потребно да се изработи основен проект. Проектот и финсиските средства кои се потребни за неговата изработка се донација од страна на ДООЕЛ „Биро за урбанизам“ Битола.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за прифаќање на донација за изработка на проект за скејт парк во Новаци.

**4 точка** Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година, бр.14-890/18 од 20.12.2023г.

Советот беше информиран за неопходноста од промена на Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2024 год., која е потребно да се измени и дополни и тоа во точка 1 во делот на Урбанистички проекти каде се додава точка 17, а се однесува на: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1,6 за изградба на пречистителна станица и дел од канализациона мрежа за с. Новаци, КО Новаци вон град .

Советот на Општина Новаци по дискусијата гласаше, така што со со **9 гласа за** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година, бр.14-890/18 од 20.12.2023г.

**5 точка** Разгледување и донесување на Одлука за изработка на проект за пречистителна станица во Новаци;

По промената на Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2024 год., Советниците беа информирани дека е планирана изградба на пречиститачлна станица во с. Новаци на КП 1537/12 КО Новаци, за која треба да се отпочне постапка за изработка на урбанистичка и проектна документација.

По кратката дискусија Советниците гласаа по однос на оваа точка така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за изработка на проект за пречистителна станица во Новаци.

**6 точка** Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 47-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска